Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 14/2016“), Градоначалникот на Општина Карпош објавува

# ОГЛАС
## за доделување на Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2017/18 година

### I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош,
- Ученици кои биле прогласени за најдобри поединци во училишните спортски игри во организација на Општина Карпош и биле редовни ученици во IX одделение во учебната 2016/2017 година и
- Спортистите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати добиени од националните спортски федерации за периодот од 01.09.2016 година до 09.06.2017 година и да се во согласност со календарот на натпревари на матичните национални федерации:

- Државно првенство I место (1 бод);
- награда за индивидуални постигнување на државно првенство (1 бод);
- балканско првенство од I или II место (4 и 3 бода);
- европско првенство од I, II или III место (6, 5 и 4 бода);
- светско првенство (учество 3 бода) и
- спортистите учесници во училишни спортски игри во организација на Општина Карпош во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња и шах кои се прогласени за најдобри поединци.

Останати успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од национални и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

### III. Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека спортистот бил редовен ученик во IX одделение за учебната 2016/2017 година во општинско основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош,
- биографија на спортистот,
- важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2016 до 09.06.2017 година или Решение за најдобар поединец во Училишните спортски игри, издадено од Општина Карпош.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени до два бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.

За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

За најдобрите поединци спортисти прогласени во училишни спортски игри во организација на Општина Карпош (во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња, и ракомет) висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2017/18 година".

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 19.06.2017 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk*